# I тема: Класични јазици

## I.2 Класични јазици: старогрчки и латински јазик

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

Изготвил: Ненад Начковски

# Кои антички народи зборувале и пишувале на старогрчкиот јазик?

- На старогрчкиот јазик зборувале и пишувале Хелените (старите Грци) во периодот на антиката.
- Околу 1500 год. пр. н.е. до 400 год. н.е. активно се говорел тој јазик.
- Хелените живееле на територијата на денешна Грција со островите и имале колонии насекаде по Средоземното Море.

Уметнички приказ на хеленско семејство



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Античка Хелада, островите и колониите низ Средоземјето




Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

# Развој на старогрчкиот јазик



- Старогрчкиот јазик бележи 35-вековно постоење. 35 века се, всушност, 3500 години и важи за еден од најстарите јазици во Европа кој припаѓа во индоевропската група и нема сопствено семејство. Од 800 година пред нашата ера до денес овој јазик се бележи со грчко писмо преземено од старите Феникијци.
- Низ својот развој, тој се менувал и упростувал, а фазите на развој се следни:

**Микенски грчки јазик** (1300 год. пр.н.е.) → **Старогрчки јазик во дијалекти** (800 - 300 год. пр. н.е.) → **Коине** заеднички јазик на сите Хелени (IV век пр. н.е. – IV век н.е.) → **Византиски грчки јазик** (V век – XV век) → **Новогрчки јазик (демотики)** (од 1450 год. до денес)

Микенско писмо
**Линеар Б**



**Хомерски грчки**
**Дорски**
**Атичко-јонски**
**Ајолски**
**Лезбоски**
**Кипаро-аркадски**



**Старогрчки текст испишан на папирус со ракописна алфабета**

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
CC BY NC ND

# Текст на старогрчки јазик испишан со грчко писмо на папирус



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски










# Кои антички народи зборувале и пишувале на латинскиот јазик?

- На латинскиот јазик зборувале и пишувале Римјаните во периодот на антиката.
- Латинскиот јазик го добил името по племето Латини, кои ја населувале областа наречена Латиј, што се наоѓа во средишниот дел на Апенинскиот Полуостров (денешна Италија).
- Бидејќи во таа област се наоѓал и градот Рим, на латински Roma, културата што почнала да се развива таму се викала римска, а јазикот латински.

Уметнички приказ на римско семејство



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND










## Каде се зборувал латинскиот јазик и каде е зачуван најстариот запис на латиница?

- Латинскиот јазик се користел низ Републиката, а подоцна низ целото Римско Царство (низ Европа, Азија и Африка).
- Најстариот запис на латински јазик е врежан на камен наречен **Црн камен** или **Лапис нигер** кој потекнува од VI век пр. н.е.
- Го нарекуваат и „Ромулов камен“.



**Лапис нигер (Црн или Ромулов камен)**

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND




# Римско Царство

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

# Особености на латинскиот јазик и развој на романското семејство



- Денес латинскиот не се говори, освен во Ватикан, но тој живее во јазикот на науката и техниката и неговото изучување многу помага во разбирањето на стручните поими и изрази.
- Латинскиот јазик се говорел и по пропаѓање на Римското Царство (по 4 септември, 476 год. н.е.), но подоцна од него се изродиле **романските јазици** кои денес се сметаат за светски, а во средниот век тие биле *прости јазици* на обичниот народ.
- Шемата на романските јазици е прикажана надесно:




Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Да повториме што научивме денес!

- **Кои народи зборувале и пишувале на старогрчкиот јазик?**

Хелените.

- **Кои народи зборувале и пишувале на латинскиот јазик?**

Римјаните.

- **На што е откриен најстариот запис на латински јазик?**

На камен, наречен Лапис нигер или Црн Камен (Ромулов камен).

- **Од латинскиот јазик се изродиле романските јазици. Кои се тие**?

Италијански, француски, шпански, португалски, романски, каталонски.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND